# И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД ВО ВИНИЦА ЗА 2004 ГОДИНА

### I. ВОВЕД

Во извештајот за работатата на Основниот суд во Виница за 2004 година се дадени податоци за обемот на работата на судот за 2004 година, ажурноста во работењето на судот, квалитетот на работата на судот и судиите, ангажирањето на судиите во извршувањето на работата, судската управа, како и оценки за работата на судот и судиите.

### II. ОБЕМ НА РАБОТА

Обемот на работата во судот ги опфаќа предметите за работа од целокупната стварна надлежност на судот од казнивата и граѓанската област на правото, прикажани преку сумарниот преглед на предметите по овие области ( Табела бр.1), опис на предмети по области, нерешени предмети од претходната година, примени предмети во 2004 година, вкупно предмети во работа во 2004 година, решени предмети во 2004 година, нерешени предмети со состојба на 31.12.2004 година и однос на намалување односно зголемување на незавршените предмети на 31.12.2004 година во однос на нерешените предмети на 01.01.2004 година.

#### А.ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА РАБОТА ВО СУДОТ ВО 2004 ГОДИНА. (Табела бр.1)

Движењето на обемот на предметите за работа во судот е даден во табела бр.1

Од прегледот може да се заклучи дека на 01.01.2004г. останати предмети од претходната година има 1531, примени нови во 2004година има 5176 предмети, или вкупно во работа биле 6707 предмети, од кои се решени 5418 предмети а останале нерешени 1289 предмети. Во 2004г. има намалување во однос на 2003година за 15.8% или за 242 предмети.

#### Б. КАЗНИВА ОБЛАСТ

**1. Истражни предмети**

На 01.01.2004година останале нерешени 11предмети, примени во работа во 2004година 46 предмети или вкупно биле во работа во 2004 година 57 предмети, завршени предмети 45, останале 12 нерешени предмети на 31.12.2004година со тоа што 8 од 12-те предмети се на вештачење во Бирото за судски вештачења.

Мерката притвор е одредена во 7 предмета, за 10 лица и тоа:

- во 1 предмет против едно лице изречена е мерка притвор во траење од 28 дена, за кривично дело "Злоупотреба на службена положба" од чл.353 ст.2 и 1 од КЗ.
- во 1 предмет против 2 лица изречена мерка притвор во траење од 11 дена за кривично дело "Злоупотреба на службена положба и овластување" од чл.353 ст.4, 3 и 1 од КЗ,
- во 1 предмет против 1 лице одредена мерка притвор во траење од 25 дена за кривично дело "Силување" од чл.186 ст.1 од КЗ,
- во 1 предмет против 2 лица , мерка притвор во траење од 29 дена за кривично дело "Насилство" од чл.386 ст.1 од КЗ
- во 1 предмет против 2 лица , мерка притвор во траење од 9 дена за кривично дело "насилство" од чл.386 ст.1 и 1 од КЗ
- во 1 предмет против 1 лице мерка притвор во траење од 15, за кривично дело "силување" од чл.186 ст.1 в.в.19 од КЗ

- во 1 предмет против 1 лице мерка притвор во траење од 18 дена за кривично дело " неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци" од чл.215 ст.1 од КЗ.

Проблеми воочени во извештајната година во работењето на истражниот судија се отсутноста на лицата од местото на живеење, неодзовувањето на поканите од судот, најголем број од лицата против кои се спроведува истрагата се приведени во судот со наредба а слично е и со сведоците.

**2. Истражни дејствија**

Од претходната година останале нерешени 4 предмети, примени се во работа во 2004 година 36 предмети, или вкупно во работа во 2004 година биле 40 предмети. Завршени во 2004 година има 37 предмети, останале незавршени 3 предмети. Од незавршените предмети сите се на вештачење во Бирото за судски вештачења.

**3.Кривични предмети против полнолетни лица**

**а)Движење на предметите**

Од 2003 година останале нерешени 20 кривични предмети, примени во работа во 2004 година 76 предмети, или вкупно во работа во 2004 година биле 96 предмети. Завршени предмети во 2004година, има 76 предмети, останале незавршени предмети на 31.12.2004 година 20 предмети.

**б) Жалбена постапка по кривични предмети**

Во 2004 година, од вкупно решените 76 предмети, по жалба биле 36 предмети , од тоа потврдени 21 предмети или 58,33%, преиначени 5 предмет или 13,88%, и укинати 10 предмети или 27.77%. Процентот од вкупно решените предмети изнесува 27,77%, потврдени, преправени 6,57% и укинати 13,15%

**в) Ефикасност во кривичниот прогон**

Односот меѓу ефективно изречените казни и условната осуда како и времетраењето на постапката, ја покажува ефикасноста во кривичниот прогон. Осудителни има 58 предмети. Траењето на постапката по 38 предмети изнесува до 3 месеци - 12 предмети од 3 до 6 месеци - 8 предмети од 6 месеци до 1 година и -1 предмет над 1 година .

**г) Казнена политика**

Во 2004 година се решени 76 предмети од кои се донесени 67 пресуди и 9 решенија по кривичните предмети. Осудителни има 58 пресуди, ослободителни 8 пресуди и една одбивателна пресуда.

Односот помеѓу осудителните, ослободителните, и одбивателните пресуди е: 75,32% осудителни, 10,38% ослободителни и 1,3% одбивателни пресуди.

**д)Вонредни правни лекови во кривичните предмети во 2004 година**.

Во 2004 година има поднесено барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по 4 предмета од кои 2 се решени, поднесено е барање за вонредно ублажување на казна по 2 предмети од кои 1 е решен и две барања за повторување на кривичната постапка кои исто така се решени.

**ѓ) Извршување на кривични санкции**

На 01.01.2004г. останале неизвршени 5 кривични санкции, примени се во работа уште 30 предмети или вкупно во работа имало 35 предмети, од кои е извршена санкцијата по 29 предмети, останале неизвршени 6 предмети. По истите дадени се наредби за приведување заради упатување на извршување на казната. Поради отсутноста на осудените лица од местото на живеење ( во странство) истите не се извршени .

**е) Извршување на кривични предмети против малолетни лица**

На 01.01.2004 година нема кривични предмети за малолетни лица, примени се во 2004 година 8 предмети кои се завршени .

**5. Прекршочни предмети**

**а)Движење на прекршочните предмети**

На 01.01.2004година останале нерешени 293 предмети, примени во работа во 2004 година 1551 предмети, вкупно во работа во 2004 година 1844 предмети. Во 2004 година се решени 1596 предмети, останале нерешени 248 предмети, има намалување за 45 предмети во однос на 2003 година.

**б) Жалбена постапка**

Во 2004 година по жалба биле 141 предмет од вкупно решените 1596 предмети.

Необжалени се 1455 предмети.

Од обжалените 141 предмет, потврдени се 45 предмети или 31,91%, преиначени 71 предмети или 50,35%, и укинати 25 предмети или 17,73%.

Од вкупниот број на решени предмети потврдени се 2,81%, преиначени 4,44%, и укинати 1,56%,

Од вкупниот број на донесени одлуки 1596 необжалени се 1455 предмети или 91,16%.

**в) Ефикасност во прекршочниот прогон**

Ефикасноста во прекршочниот прогон се однесува на соодносот помеѓу изречените казни од вкупно решените предмети.

Од вкупно решените 1596 предмети, во 1075 предмети е изречена казна или 67,35% , запрена е постапката по 183 предмети или 11,46 % (од кои во 55 предмети постапката е запрена поради застареност а во 128 предмети постапката е запрена од други причини), и донесени решенија по 338 предмети односно 21,17%.

**г)Казнена политика**

Од вкупно решените 1596 предмети во 2004 година се донесени 1250 пресуди и 346 решенија од кои :

со ефективна казна 1057 предмети и со прекршочна опомена 337 предмети. Во вкупно донесените пресуди опомените се застапени со 21,11%

**д) Мерки за безбедност**

Мерки на безбедност се изречени во 130 предмети, по области: по Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата 82, по Законот за шумите 35, Законот за оружје 6, Закон за царина 3, Закон за акцизи 1, Закон за трговија 3 .

**ѓ)Вонредни правни лекови**

Во судот по прекршочните предмети завршени со правосилна пресуда е поднесено барање за повторување на постапката по 8 предмети од кои 6 се одбиени, 1 уважен и 1 предмет останал не решен.

**е)Извршување на прекршочни санкции**

На 01.01.2004г. останале неизвршени 838 предмети, примени се во работа во 2004 година, 2054 предмети, вкупно за извршување имало 2892 прекршочни предмети.

Извршени се 2249 прекршочни санкции, а останале неизвршени 643 предмети или има намалување во однос на претходната година за 195 предмети.

Од вкупно извршените предмети 2249 наплатени казни се по 467 предмети, со затвор по 4 предмети, испратени на извршување во друг суд 742 предмети од кои за 55 предмети судот е известен дека се извршени, испратени наредби во ОВР Виница по 885 предмети, 52 од нив се извршени со затвор, 237 се наплатени, застарени 151 предмет од кои 72 предмети немаат уредна достава, 43 предмети лицата се во странство, 36 предмети ненаплатени паушални трошоци.

## В. ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ

**1.Граѓански спорни предмети**

**а). Движење на спорните парнични предмети**

На 01.01.2004година останале нерешени 84 предмети, примени се во работа 396 предмети, или вкупно во работа 480 предмети од кои решени 406 предмет, а

останале нерешени 74 предмети. Намалување на заостатокот од 2003 година е за 10 предмети.

Со пресуда се решени 236 предмети или 58,13%, со спогодба се решени 61 предмет или 14,95% и на друг начин се решени 109 предмет или 26,84 %

**б).Жалбена постапка**

Во текот на 2004 година обжалени биле 124 предмети, од кои се потврдени 75 предмети или 60,48%, преиначени 2 предмети или 1,6%, и укинати 47 предмети или 37,9%.

Према вкупниот број на решение 406 предмети, потврдени се 18,47%, преиначени 0,49%, и укинати 11,57%.

**в).Вонредни правни лекови**

Во 2004 година поднесено е ревизија по 12 предмети, од кои одлучено е по 2 предмета кои се потврдени.

Во 2004 година Барање за заштита на законитоста не е поднесувано.

**2.Оставински предмети**

На 01.01.2004година останале нерешени 6 предмети, примени се во работа 77 предмети или вкупно во работа во 2004 година имало 83 предмети, од кои решени 73 предмети а останале на 31.12.2004година нерешени 10 предмети. Овие 10 предмети не се решени поради отсутноста на дел од наследниците од местото на живеење, на работа во странство.

Жалба е изјавена по 2 предмети од кои 1 е потврден и 1 укинат.

**3.Вонпроцесни предмети**

На 01.01.2004г. биле нерешени 12 предмети, има примени 27 нови предмети или вкупно 39 предмети, од кои завршени 29 предмети, а останале 10 предмети нерешени.

Во овие предмети се евидентирани збирно разни граѓански и ВПП предмети .

**5.Извршни граѓански предмети.**

На 01.01.2004г. извршни граѓански предмети имало 254 предмети, примени нови предмети во работа 751 предмети, или вкупно 1005 предмети, од кои се завршени 750 предмети а останале 255 предмети, има зголемување за 1 предмет .

Против дозволеното решение за извршување по извршените предмети има поднесено 13 приговори и сите се решени.

**III. АЖУРНОСТ**

**А. АЖУРНОСТ НА СУДОТ**

Ажурноста на судот е прикажана преку совладување на приливот на предметите; времето на решавање на предметите; бројот на старите нерешени предмети; и месечниот заостаток на предметите .

**1.Ажурност према совладувањето на приливот на предметите во текот на годината**

Спрема овој критериум судот не се смета за ажурен ако не го совлада приливот на предметите во текот на годината.

Од прегледот (Табела бр.1) може да се заклучи дека од приливот во текот на годината од 5176 предмети, се решени 5418 предмети или 104,67%, што значи дека е ажурно работено, судот го има совладено приливот.

**2.Ажурност спрема времетраењето на постапката (Табела бр.10)**

Спрема овој критериум се прикажува времетраењето на решавањето на предметите во судот и тоа предмети решени до 3 месеци, предмети решени од 3 до 6 месеци, предмети решени од 6 месеци до 1 година, предмети решени над 1 година. (Табела бр.10)

Во прегледот на траењето на постапката (Табела бр.10) се прикажани вкупно решените: истраги, кривични предмети за полнолетни лица, кривични предмети за

малолетни лица и парнични предмети во 2004 година, од тоа истраги 45 предмети, кривични предмети за полнолетни лица 76 предмети, кривични предмети за малолетни лица 8 предмети, и парнични предмети 406.

Према времетарењето :

- до 3 месеци траела постапката по 323 предмети
- од 3 до 6 месеци траела постапката по 129 предмети
- од 6 месеци до 1 година траела постапката по 49 предмети,
- над 1 година постапката траела по 34 предмети.

Во траење на постапката до 3 месеци се решени 60,37%, од 3 до 6 месеци 24,11%, од 6 месеци до 1 година 9,15%, и над 1 година 6,35%.

Ако понатаму ги групираме во две групи ќе добиеме до 6 месеци предметите се решавани во 84,48% а над 6 месеци во 15,51%.

**3.Ажурност спрема бројот на старите нерешени предмети (Табела бр.12)**

Спрема овој критериум за стари предмети ќе се сметаат незавршените предмети кои за прв пат се заведени пред 2 години сметано од извештајната година. (Преглед на нерешени стари предмети-за 2004 година- во прилог).

Стари нерешени предмети во кривичниот оддел има 1 предмет и тоа кај кривичните предмети за полнолетни лица од 1999 година ( К.бр.14/99).

Предметот не е решен бидејќи полномошникот на тужителите е починат а на судот суспидиерните тужители се недостапни, државјани на НР Кина.

Стари нерешени предмети во граѓанскиот оддел од 1994година до 2002 година, има вкупно 14 предмети од кои:

- 4 граѓански предмети и тоа :

- од 2000 година и 2001 година по еден предмет (П.бр. 301/00 и 153/01). Странките се наоѓаат на привремена работа во Италија.

- од 2002 година има 2 предмети, (П.бр. 273/02- постапката е прекината заради решавање на претходно прашање) ,( П.бр.54/02 предметот не е решен, потребно е увид на лице место а тужителот го нема депонирано паричниот износ потребен за излез на лице место) .

-оставински предмети до 2002година има 3 предмети, и тоа по еден предмет од 2000, 2001 и 2002 година - не се решени бидејќи дел од наследниците се наоѓаат во странство.

-други вонпроцесни предмети до 2002 година 7 предмети и тоа по 1 предмет од 1994, 1995, 2001 и 2002 година и 2 предмети од 1998 година. Предметите не се завршени од објективни причини, предлагачите се во странство или не се депонирани средства за процена од вешто лице, а во два предмета ( за физичка делба) се чекало на исходот од граѓански предмети за сопственост .

-Извршни стари предмети има вкупно 54 и тоа : од 1995 година 2 , 1996 година 2 , 1997година 1 , 1999година 4, 2000 година 2 , од 2001 година 6 и 2002 година 37 предмети.

Може да се заклучи дека најголем број на стари предмети се од извршните предмети 54 на број .

Најголем број од предметите не се извршени поради тоа што лицата против кои е насочено извршувањето, се или во затвор или во странство, или пак се корисници на социјална помош.

**4.Ефикасност и ажурност на судот спрема времето на решавање на заостатокот на предмети од страна на судиите**

Спрема овој критериум како апсолутно ефикасен суд ќе се смета оној суд кој има заостаток на предмети кои судиите можат да го завршат во време до 3 месеци. Како ефикасен суд со месечен заостаток на предмети за работа за решавање до 6 месеци, релативно ефикасен суд до 1 година, а сите судови кај кои заостатокот на

нерешени предмети изнесува 1 година или повеќе ќе се сметаат како неефикасни судови.

Согласно овој критериум се дадени нерешени предмети на 31.12.2004г. како и просекот на решените предмети во текот на извештајната година за 10,5 месеци кој изнесува 516 предмети месечно, ако заостатокот на предмети во судот од 1289 предмети се подели со 516 предмети се добива заостаток на предмети кои судиите можат да го завршат за 2,49 месеци.

Согласно овој критериум Основниот суд Виница е **апсолутно ефикасен суд**.

Претседател на судот,
Васка Петрова